38960





**Артистичка игра: Душан Перчинков и една од графиките од неговиот најнов циклус**

*Изложби II*

# ДУШАН ПЕРЧИНКОВ ВО „СЕЛЕКТ“

Алките што ги употребува уметникот се чинат живи нешта. Машината за печатење во ателјето се персонофицира во добар пријател-соработник кој не го напушта овој простор, немушто шепоти, ја одредува и ви дава знак да ја започнете работата во денот, укажува на проблемите, предупредува, влева доверба стојејќи во просторот самоуверено. Сите гестови, духовни и физички, ги презема и тие се синхронизираат со движењата што таа ги извршува. Така, заедно учествувате во нешто предодредено, што таа внимателно и прецизно го навестува. Овој ритуал сврзан за оформувањето на графичкиот лист, во завршниот чин ескалира до свеченост: последната боја го зазема своето место на првиот лист од тиражот, целината е осмислена, започнува неговиот своевиден живот. Понатаму возбудата се обновува при мултиплицираното раѓање на секој лист од тиражот. Задоволни излегувате надвор. Овој верен придружник самоуверено продолжува да шепоти зад вас: „Ете, гледаш, сè е во ред, јас сум тука, чекам“.

Вака го определи својот однос кон машината за печатење сликарот и графичар **Душан Перчинков** на крајот од подготовките за неговата тековна изложба во скопската галерија „Селект“. На оваа најнова, осма по ред самостојна изложба, Перчинков се претставува со 30-тина сериграфии работени од 1985 година до денес. Најновите графики на Перчинков, чие творештво зафаќа тридецениски период, донесува еден нов концепт што авторот го дефинира како „графички листови за листот на хартијата“. Конкретно, тоа се цртежи на превиткани листови хартија, „залепени“ за површината на графичкиот лист, еден вид, би се рекло, „графички палимпсести“. Како што забележува **Соња Абаџиева**, таквиот концепт на Перчинков нуди предтекст за расправа околу можноста за поврзување, токму во медиумот на графичкиот лист, на недопирливите светови на она видливото и она тајното, невидливото.

Ако сакате да шетате низ лавиринтот меѓу одвитканите и завитканите делови на еден лист хартија пред врз него да биде извршен атакот на превиткувањето, да се среќавате со енигми и да ги разгатнувате, процесот на „играта“ ќе трае уште цела една седмица во „Селект“. Адресата е „Партизански одреди“ 66-а, Скопје.






ПУЛС, СКОПЈЕ, четврток 16 април 1992 65, 4,